# Обраќање на ЗПВ Димитров пред Парламентарното собрание на Советот на Европа

Почитуван господине Претседател на парламентарното собрание, аранжманот е ваков и изгледа дека Ви го вртам грбот, но тоа е со почит и пријателство. Госпоѓо Генерален секретар, истакнати членови на Собранието, дами и господа, драги пријатели. За мене е голема чест што сум овде по втор пат и имам прилика да се обратам на Парламентарното собрание на Советот на Европа; во 2018 година бев тука во поинакво својство, како Министер за надворешни работи, така што ова е моја втора можност и привилегија да ви се обратам.

Овој пат сметам дека мора да подвлечам колку сите во регионот сме благодарни за иницијативата на Парламентарното собрание да се отвори дебата за европската иднина, за европската перспектива на Западен Балкан; мислам дека оваа дебата доаѓа во одличен момент, затоа што се поклопува со крајот на посетата на Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен на регионот, нејзината порака во сите главни градови беше: Не губете верба, вашата иднина е европска. Исто така, се поклопува со напис во Ројтерс, кој се најде на насловните страници низ Балканот, дека меѓу земјите-членки повеќе не постои консензус околку потребата од повторување на ветувањето што беше дадено пред 18 години на Европскиот совет во Солун во 2003 година, ветување кое сé уште е неостварено. Следната недела, за неколку дена од денес, ќе се одржи самит помеѓу ЕУ и регионот и ќе видиме каква ќе биде декларацијата, какви ќе бидат пораките на ЕУ кон регионот. Знам дека оваа организација, како кредо на демократијата, човековите права и владеењето на правото, е во голема мера дел од истата визија и ако се реформираме и го направиме она што треба да го направиме дома за да бидеме во согласност со критериумите од Копенхаген, на кои се потпираме и сме многу благодарни за соработката со многу механизми на оваа организација, вклучително и со ГРЕКО, Комитетот за интервенција во случај на тортура на Венецијанската комисија, Хоризонталниот инструмент, итн.

Ќе се обидам да го изложам случајот на мојата земја, Северна Македонија, но и на регионот и ќе апелирам на одговорност и лидерство во главните градови на регионот и главниот град на Европската унија, и на тоа дека навистина е крајно време да се придвижиме нанапред. Никогаш не сум го направил ова - молчев 16 секунди, не затоа што ми избега мислата, туку како илустрација на 16-те години во текот на кои мојата земја беше кандидат за членство од 2005 година, а ние сé уште не сме во можност да го започнеме патувањето. Значи, Северна Македонија е веројатно најдрастичниот пример од погрешната страна на работите на политиката за прифаќање на Европската унија. Го започнавме патувањето по Словенија и пред Хрватска; Хрватска одбележува 8 години членство во Европската унија, а ние сé уште не сме го започнале патувањето. Причината за овие изгубени генерации не беше недостигот на реформи, не затоа што бевме дел од југословенските сили, затоа што не бевме, туку проблемот што го имавме со соседот, проблем што го решивме во 2018 година со Договорот од Преспа.

Овој потег беше пофален од целиот демократски свет како триумф на демократијата на дипломатијата на помирување, бидејќи веројатно беше еден од најголемите напори и успеси за изнаоѓање решенија во нашиот регион по Дејтонскиот договор. На договорот од Преспа му претходеше важниот договор за пријателство и соработка со друг сосед, со Бугарија. Ние сме силен кандидат не само поради изгубените генерации и времето, туку и поради она што го направивме дома, во смисла на континуирано подобрување на нашата демократија и на нашето општество со директно владеење на правото. Во сите извештаи на Европската комисија, но и на многу други важни организации, денес, за жал, припаѓаме на мала група на земји што остваруваат и демократски напредок, мислам дека последниот беше глобалниот индекс на мир; ние сме петта земја во светот со најголем напредок во однос на предвидливоста, стабилноста и мирот. Така што навистина е време да се оди напред. Пречката што ја имаме пред нас и ова недоразбирање што го имаме со нашите соседи во Софија, со Бугарија, не е територијално прашање, ние немаме територијален спор, ниту, пак, е нешто што има врска со реформите дома - се работи за историски прашања поврзани со идентитетот и јазикот. И мислам дека е навистина крајно време двете земји да преземат одговорност и да демонстрираат лидерство и да најдат начин за излез од оваа ситуација, бидејќи тоа навистина го нарушува длабоко пријателството меѓу двете нации и ги нарушува важните европски политики во нашиот регион. Природната судбина на играта треба да биде нашите соседи да бидат тие што најмногу се залагаат за нас, бидејќи тие најмногу ќе добијат од европскиот успех на Северна Македонија.

Прашањето на јазиците во Европа од 21-иот век... мислам дека оваа недела го одбележавме Европскиот ден на јазиците, што всушност го воспостави оваа организација, Советот на Европа, ден кога ја славиме нашата разновидност на европскиот континент. Прашањето на мојот мајчин јазик, македонскиот, не треба да биде во спротивност со напорите на нацијата да оди напред по својот европски пат, не ако Европа е континент каде што ја негуваме јазичната и културната разновидност, како што е напишано во Договорот од Лисабон и ја негуваме и славиме во оваа организација, во Советот на Европа, и затоа тврдам дека оваа борба не е само борба за националниот идентитет на мојот народ, туку е и многу важна борба за европскиот идентитет за целата Европска унија. Кој сум јас и на кој јазик зборувам не е прашање во кое другите треба да имаат право да се мешаат, други земји или други организации. Правото на самоопределување, самоидентификација е нешто многу интимно и е мое лично право. Во демократија, не дозволувам ниту сопствената земја да ми каже кој сум, а камоли трети земји. Она што го направивме со Бугарија во Договорот за пријателство беше следново: рековме дека ќе им овозможиме на историчаритет и ќе создадеме позитивна клима за тие да разговараат за историски прашања, а ние како политичари и влада ќе работиме на она што можеме да го смениме, а тоа е денес и утре.

Овој план, пристапот на Договорот за пријателство, е исфрлен од колосек и е во спротивност со членот 2 од самиот договор, каде што се вели дека Бугарија ќе ни помогне во нашите напори на патот кон Европската унија; наместо тоа, таа го запре нашето патување, блокирајќи нè на нашиот пат веќе два пати. На долг рок,

мислам дека ова значително ја поткопува врската и мислам дека сме во статус-кво ситуација, во којашто имаме губитници во целиот регион. Во Скопје, во Софија, таа одекнува во целиот регион, бидејќи и другите земји ја губат довербата дека тоа е всушност возможно, гледајќи дека она што го направи Северна Македонија во последните неколку години, а што е за восхит, сепак не е доволно за Европа да каже - вие испорачавте, ќе испорачаме и ние. Мислам дека тоа е ситуацијата во којашто сме сега и дека ова е момент во кој треба да преземеме одговорност. Пораснав како дипломат кој ги решаваше проблемите, и она што го научив е дека треба да разберете и дека треба да можете да размислувате од аспект на другиот ако сакате да го решите проблемот. Мора јасно да ја познавате загриженоста на другата страна и да најдете комбинација на прашања со кои се решава загриженоста на вашата нација, но и загриженоста на другата страна, така што, ако се водиме од контекстот на европските вредности и принципи , тогаш имаме одржливо решение. Решавањето спор помеѓу две нации секогаш се плаќа со изгубени политички поени. Не може да имате успех ако не губите политички поени.

Го направивме тоа еднаш, а донекаде и двапати и на многу начини, го направивме тоа поради следната генерација, а не поради следните избори, понекогаш луѓето го сфаќаат тоа и го наградуваат лидерството, понекогаш не, но мислам дека на долг рок е важно тоа што она што го правиме денес ќе нé натера да зборуваме многу за историјата, за вистинската страна на историјата, кога другите ќе го увидат тоа што го направивме. Живееме во свет каде моделите, организациите, сојузите, геополитиката не можат да се земат здраво за готово. Сите организации, сите модели на меѓународните односи сега се повеќе разнишани и помалку предвидливи, и ова е време кога треба да преземеме одговорност. Регионот на Западен Балкан, сакале ние или не, е составен од шест земји опкружени со држави кои се членки на Европската унија. Географски сме како соба во европската куќа, но не на границите на куќата, туку некаде внатре, а не сме вклучени; не сме вклучени во водоводната мрежа, во системот за вода, за електричната енергија, за климатизација. Да постои ваква соба, како соба која не е дел, не е добро за собата, а не е добро ниту за целата куќа. Ние сме регион што тргува со заедничкиот пазар повеќе од 3 тромесечја. Ние сме регион каде што сите инвестиции доаѓаат од европски компании во текот на сите три тромесечја. Ние сме регион кој е критично важен за сопствената стабилност на ЕУ, било да се работи за организиран криминал или за борба против тероризмот, или, пак, за миграциската криза од 2015 и 2016 година. Ако Европа ја загуби довербата на луѓето на Балканот во тоа дека нивната иднина е со нив, Европа ризикува да го загуби овој регион и, по толку години без напредок, нашиот последен најголем напредок беше Хрватска во 2013 година.

Навистина е време да размислиме добро и дали овој денешен свет е свет во којшто повеќе геополитички играчи се натпреваруваат за моќ. И ако Европската унија е сериозна во однос на својата улога и место, треба двапати да размисли дали е поскапо да се изгуби Балканот или да се биде инвентивен и од Балканот да се направи вистински европски регион, така што ќе имаат демократија, ќе имаат независно судство и слободни медиуми, а и економски просперитет. Сето ова е можно, но ќе ни треба политичко водство. Ова мое портфолио е навистина. Не сакам

да зборувам премногу затоа што сакам да има жива дебата, така што набргу ќе завршам. Како некој кој е задолжен за европските прашања за мојата земја, навистина се мачам кога разговарам со луѓето, со граѓаните, објаснувајќи го овој постојан циклус на надеж и разочарување, а ние го минуваме низ тој постојан циклус на надеж и разочарување особено од јуни 2018 година, кога Бугарија, всушност, беше огромен поборник за почеток на пристапните преговори на мојата земја и работите беа поинакви. Беше потребна нова методологија за да се постигне консензус со другите земји и сега, за жал, го имаме овој проблем со нашиот сосед. Навистина е време да му покажеме на регионот дека Европската унија е сериозна во врска со своето ветување од Солун. И ова неисполнето ветување зема данок, ги слабее проевропските сили, а другите сили ги прави веројатно националистички посилни. Ако ја загубиме европската визија за регионот, ќе настапат други, помрачни. И мислам дека бевме сведоци на она што може да се случи... постои натпревар помеѓу поголемите етнички држави од деведесеттите години. Мислам дека ова беше прифаќање на пораз од страна на нашиот континент. Апелирам до европските лидери да повторат и да испратат силен политички сигнал од самитот во Словенија дека иднината на овој регион е европска. Ви благодарам многу за оваа можност и ви благодарам многу за дебатата што ќе следи по моето обраќање.